**ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИОТ КОНСУЛТАТИВЕН ПРОЦЕС ПО ПРЕДЛОГ-ПРИОРИТЕТИТЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ОД БУЏЕТОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА**

| | Огран на државна управа | Предлог | Статус |
|---|---|---|---|
| 1 | Министерство за одбрана | Бр.14-5652/1 од 23.12.2020<br>За наведените приоритети не се предвидени средства во буџетот на министерството. Во ставка 463 планирани се 2.000.000 денари наменети за Организацијата на резервни офицери -ОРОРМ | |
| 2 | Министерство за внатрешни работи | 13.12-102950/1 од 23.12.2020<br>Министерството нема предвидено средства за ваква намена | |
| 3 | Министерство за правда | Препорака во приоритет 4, алинеја 1 да гласи: „Вклученост на граѓанските организации во мониторингот на спроведување на реформите со цел да се влијае на одговорноста на институциите во спроведување на реформите во областа Основни вредности кои ги опфаќаат Поглавјата 23, 24, економски критериуми, Поглавјата 5, 18, 32, (согласно новата методологија за пристапување во ЕУ)“ | Постапено |
| 3 | Министерство за надворешни работи | 05-32656/20-2 од 21.12.2020<br>Позитивно мислење. Во буџетот на министерството не се планирани средства за финансиска поддршка на ГО | |
| 4 | Министерство за транспорт и врски | бр.02-8304/1 од 18.12.2020<br>Не се предвидени средства во ова министерство за финансиска поддрша на ГО | |
| 5 | Министерство за образование и наука | бр.17-14225/2 од 22.12.2020<br>Позитивно мислење | |
| 6 | Министерство за информатичко општество и администрација | бр.14/1-4591/2 од 17.12.2020<br>Позитивно мислење | |
| | **Граѓанска организација** | **Предлог** | **Статус** |
| 1 | СОС Детско село Северна Македонија (преку член на Советот) | Да се дополни приоритет 2 со активности:<br>- Воспоставување на социјални услуги согласно приоритетите на општините во Р Северна Македонија;<br>- Унапредување на регулативата и механизмите за поефикасен одговор на сајбер насилство; | Постапено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Зајакнување на структурата и капацитетот на општините за раководење и воспоставување на социјални услуги за унапредување на квалитетот на живот на граѓаните. | |
| 2 | Коалиција на младински организации СЕГА (преку член на Советот) | Да се дополни приоритет 4 со активности:<br>Градење на добрососедски релации:<br>- Билатерална прекугранична соработка, посебно во насока на младинска соработка;<br>- Регионална соработка и помирување, поддршка на активности за поврзување на младите од Западен Балкан и пошироко.<br><br>Да се дополни приоритет 6 со активности:<br>- Поддршка и развој на средното стручно образование во согласност со побарувачката на пазарот на трудот;<br>- Зајакнување на капацитетите на стручните служби и наставниот кадар во насока на примена на новите законски одредби за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта;<br><br>Да се дополни приоритет 7 со активности:<br>- Едукација на млади за активно вклучување и оценување на ЕЛС за подготвеност за вклучување на младите;<br>- Активности во насока на поддршка на младите и ЕЛС за спроведувањето на законот за младинско учество и младинско организирање. | Постапено, со исклучок на „Едукација на млади за активно вклучување и оценување на ЕЛС за подготвеност за вклучување на младите“ бидејќи во пошироки смисла е опфатено со алинеја 2 од предлогот во истиот приоритет; |
| 3 | Здружение на јавни службеници на Северна Македонија | Проект „Професионална администрација“ | Разгледано |
| 4 | Организација на потрошувачи на Македонија, на Битола, Штип и Кочани | Да се дополни приоритет 2 со „заштита на потрошувачи“ | Не е внесено: Министерството за економија има Програма за заштита на потрошувачите |
| 5 | ЕКОЗВОН | Да се дополни приоритет 2 со „кампањи, едукација-еколошки проблем бучава„<br>Да се дополни приоритет 6 со „учество на претставници на ГО во различни работни групи на МОН“ | Не е внесено, опфатено со „Кампањи за едукација на граѓаните и јакнење на свеста„ и „Следење на имплементацијата на Сеопфатната стратегија за образование и другите стратешки документи на МОН“ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Прва детска амбасада во светот Меѓаши-Република Македонија | Да се дополни приоритет 2 со: „Унапредување на социјалниот статус и социјална инклузија на најранливите групи деца, со посебен фокус на деца на улица“<br><br>Да се дополни приоритет 3 со: „Обезбедување соодветна технологија за обезбедување пристап до далечинско учење на учениците кои немаат“<br><br>Да се дополни приоритет 5 со: „Градење култура на детско и младинско учество во процесите на донесување одлуки на локално ниво од областите кои директно ги засегаат“ | Постапено<br><br>Не е внесено, дискутирано на седница на Совет, имплементацијата на проектите ќе биде во втора половина на 2021, утврдена активност во приоритет 6 „Следење на имплементацијата на Сеопфатната стратегија за образование и другите стратешки документи на МОН“<br><br>Не е внесено, опфатено во приоритет 7 „Активности за поддршка на младите и единиците на локална самоуправа за спроведувањето на Законот за младинско учество и младинско организирање“ |
| 7 | Детска амбасада за сите деца во светот | Претставување на тековни и идни активности на здружението во остварување на активностите:<br>- Поттикнување на комуникација и интеракција помеѓу младите од различни заедници и региони во Република Северна Македонија преку различни интер-културни активности;<br>- Следење на имплементацијата на Сеопфатната стратегија за образование и другите стратешки документи на МОН. | Разгледано |
| 8 | Рома Перспектив | Да се дополни приоритет 1 со:<br>- Заеднички акциски планови за животна средина на локалнно ниво преку, соработката на ЕЛС и Јавните Комунални Претпријатија , со точна прецизни датуми и место на дирекна дистрибуција на активности од страна на Комуналните Јавни претпријатиа, за да може директно да се делува на подобрување на животната | Не е внесено, детални проектни активности што се опратени во алинеја 2 и 4 од приоритет 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | средина и отстранување на дивите депони ,кои што се правата и ги има во периферните места претежно каде што живеаат социјално ранливите групи како што се Ромите и др.<br>- Целосно чистење на дивите депони во периферните места и засадување на зеленило и негово оддржување во целост од страна на Јавните Комунални Претпријатиа,овозможување на претпретијатијата финансиска поддршка за целосна реализација на програматите кои ги поднесуваат и до Советите на Општините.<br>- Да се подготви целопфатна анализа или база на градови во РСМ кои немаат програми и планови и проекти за Инсталирање на квалитетна водоводна мрежа на пивка вода до сите Ромски домаќинства, а треба да им се овозоможи и заслужуваат квалитетен и здрав живот како рамноправни граѓани со другите народи во Општеството.<br>- Да се направи стратегија на активности заедно З.Г. во Р.С.М за зачување на Зелените површини и нивниот развиток, во кавалитетна околина за живење а со тоа ќе се намали и злоупотребата од страна на сите други градежни Фирми кои од парцели на паркови и зелени површини ги претвораат станбени објекти ( згради) а со тоа се намалува и се нарушува здравата животна средина | |
| | | Да се дополни приоритет 2 со:<br>- Партиципативно буџетирање во единиците на локалната самоуправа, да се споредат и да се видат буџетите за спроведување на локалните акциски планови кои се во ингеренции на општините во делот на сите приоритети според законот за децентрализација.<br>- Директно насочување на буџетите за социјални програми преку секторите во општините за да можи полесно да се спроведуваат рамките за ранливте групи во Општините. | Не е внесено, опфатено со алинеја 2 од приоритет 2 |
| | | Да се дополни приоритет 3 со:<br>- Директна помош за реализација на локалните здравствени акцискии планови кои што ги имаат Општините за да може | Не е внесено, детални проектни активности што се опратени во алинеја 4 „Директна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | полесно да стаса помошта до ранливите групи.<br>- Директни хуманитарни и други помош за ранливите групи преку организирање на пунктови заедно со Црвениот крст и здруженијата на граѓани.<br>- Обезбедување на Мобилна здравствена амбулантно возило кои ќе биде достапно по урбаните заедниции за да може полесно и ефикасно да излезе во пресрет на социјално ранливите категории.<br><br>Да се дополни приоритет 4 со:<br>- Преку стратегија за лобирање да се направи промена во Зголемена свест на пошироката јавност за процесот на пристапување во ЕУ и промовирање на придобивките од членството во ЕУ.<br>- Директни контакти, кампањи, разни дебати за образложување на граѓаните од придобивките во ЕУ, со акцент најмногу вклученост да има на обичниот граѓанин за да може да биде опфатеноста се поголема.<br><br>Да се дополни приоритет 6 со:<br>- Олеснување на пристапот на лицата кои немаат дооформено образование да им се овозможи бесплатно да го доформаат основно, за средно образование да им се најде механизам и начин преку разни донатори и други форми да им се помогне диретно преку центрите за стручно образование. | (хуманитарна, правна и психолошка) помош и поддршка на маргинализираните заедници“<br><br>Не е внесено, опфатено со алинеја 3 од приоритет 4<br><br>Не е внесено, опфатено со алинеја 2 од приоритет 6 |
| 9 | Праведни и Професионални | Да се дополни приоритет 5 со:<br>- Следење и јавно објавување на сите случаи на пасивност, индиферентност и незаинтересираност за работата на носителите на јавни функции на различни нивоа. Со цел да не останат празни државни објекти во земјата или дипломатско-конзуларни објекти во странство со години под клуч и да не се продолжи со праксата на уништување и пропаѓање на државниот имот поради негрижата и непрофесионалноста на надлежните. Јавно прозивање и осуда на секој функционер или одговорен службеник кој се однесува недомаќински и спротивно на етичкото и добро менаџирање. | Разгледано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Во алинеја 4 по зборот „непотизам“ да се додаде „кронизам“<br><br>Да се дополни приоритет 7 со:<br>- Подигање на заштитата на правата и интересите на административните службеници на повисоко ниво, департизација во државната служба, организација на систематско санирање на штетните последици што ги претрпуваат службениците како резултат на партиска припадност, детектирање на случаи на неможност за напредување во кариерата поради непостоење на утврдени критериуми кои ќе се применуваат при создавање на квалитетен и стручен административен кадар.<br>- Да се стимулираат граѓанските организации кои ќе превземат ефективни активности за заштита на правата на укажувачите по министерствата и другите органи на државната управа, остварување на интегритет на нивната личност и достоинство и спречување на штетни одмаздднички последици против нив. | Постапено<br><br>Разгледано |
| 10 | Рурална Коалиција (преку член на Совет) | Да се дополни приоритет 2 со:<br>- Развој на туризмот и угостителството, субвенционирање на алтернативен и културен туризам и градење на препознатлив туристички имиџ согласно светските стандарди;<br>- Промовирање на вработувањето, социјалната вклученост и развојот на руралните средини со поттикнување на младите и жените во руралните средини и олеснување на условите за основање и функционирање на агро-бизнисите и претприемништвото во руралните средини;<br>- Воспоставување на интегриран и функционален систем за подобро знаење и поддршка на иновациите во земјоделството со фокус на истражувањето, трансферот на напредна технологија и дигитализација;<br>- Унапредување на системот на социјална сигурност и воспоставување на децентрализирани механизми на социјални услуги;<br>- Намалување на разликите во развојот меѓу и во планските региони и зголемување на нивната конкурентна способност; | Постапено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | Една Може! | Образложени тековни и идни активности на здружението во поддршка на активностите од приоритет 2 и 3 | Разгледано |
| 12 | ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина 13 Ноември Скопје | Проектна идеја: Спроведување обука за палијативни негуватели | Разгледано |
| 13 | ЈАДРО – Асоцијација на независната културна сцена (преку член на Советот) | Во приоритет 2 да се изоставаат активностите:<br>- Активно застапување за спроведување на функционална и финансиска децентрализација, како и децентрализација во делот обезбедување на јавните услуги на локално ниво;<br>- Партиципативно буџетирање во единиците на локалната самоуправа;<br>- Истражувања и анализи за степенот на имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во РСМ (2010 – 2020);<br>- Воспоставување на социјални услуги согласно приоритетите на општините во Р Северна Македонија;<br>- Зајакнување на структурата и капацитетот на општините за раководење и воспоставување на социјални услуги за унапредување на квалитетот на живот на граѓаните.<br><br>Приоритет 4 и 5 да се спојат во еден и да се дополни со:<br>- Учество: партиципативност на секторот Култура во градењето на нови стратешки чекори на национално и на локално рамниште согласно ЕУ агендата за пристапни преговори<br><br>Во приоритет 5 да се изоставаат активностите:<br>- Мониторинг извештаи/анализи за степенот на имплементација на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022;<br>- Истражувања и анализи на случаи на судир на интереси, корупција, непотизам, нетранспарентно извршување на јавните набавки во централните органи или во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија;<br>- Истражувања и анализи на случаи на напредување во службата спротивни на | Во приоритет 4 внесена активност “Јакнење и воведување на реформи во културниот сектор, создавање на стабилен развој на културните и на уметничките практики и унапредување на работните услови на културните работници и уметниците согласно ЕУ агендите и стандардите“ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | системот на заслуги во јавната администрација на централно или локално ниво;<br>- Пристап до информации од јавен карактер и проактивна транспарентност<br><br>Да се дополни приоритет 6 со:<br>- Интердсициплинарни проекти кои ќе овозможат развој на менторски проекти за млади и аспиративни креативни кадри, наменети за нивна едукативна и вокациска надоградба.<br><br>Приоритет 7 да се изостави, освен активноста<br><br>Зголемување на видливоста на прашањата поврзани со дигиталната агенда во рамките на граѓанското општество и медиумите (да се додаде во интегрираниот приоритет 4 и 5)<br><br>Да се додаде нов стратешки приоритет:<br>Јакнење и воведување на реформи во културниот сектор и создавање на стабилен развој на културните и на уметничките практики - и унапредување на работните услови на културните работници и уметниците согласно ЕУ агендите и стандардите, со предлог-активности:<br>- Мапирање на потребите на независниот културен сектор за двогодишна или трогодишна континуирана структурна поддршка, согласно политиките кои ги налага ЕУ за стабилизација и оддржливост на независниот културен сектор;<br>- Развој на политики кои ќе се бават со правото на култура согласно ЕУ зададените рамки;<br>- Поддшка на организации кои ќе придонесуваат стратешки за развојот на моделите на современите културни и уметнички практики согласно ЕУ политиките за создавање културен капитал;<br>- Развој и одржливост на мали, независни и непрофитни медиуми (или медиуми на заедницата) клучни за слободата, демократијата, и развојот на секое општество. | |